## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17.09.2016
Орг. единица: 10 | Број: 4472 | Прилог: 1 | Вредност:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговското радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетте дена за мониторинг, во централните изданија на вестите во продукција на Радио Слободна Македонија емитувани од 16 часот и 30 минути, беа евидентирани 1 час 6 минути и 58 секунди новинарски прилози методолошки селектирани за анализа, така што не беше достигнат релевантниот

методолошки примерок од минимум 2 часа дневно-информативна програма за да се извлекуваат оценки за начинот на известување во вестите.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

Премиерно на 5 септември 2016 година, со почеток од 11 часот и 37 минути, под наслов „Тема на денот", емитуван е 9 минутен екстензивен извештај од присуството на македонска политичка делегација во Ватикан, поканета за свеченоста од прогласувањето на Мајка Тереза за светица. Во извештајот, илустриран со портретивни, биографски белешки за скопјанката Гонџа Бојаџиу, емитувани се пригодни изјави од претседателот Ѓорге Иванов, од премиерот Емил Димитриев и од лидерот на ВМРО ДПМНЕ – Никола Груевски. Истиот ден, „Темата на денот" е репризирана двапати, во програмски термини – од 16 и од 20 часот.

На 7 и на 8 септември, двете изданија од „Темата на денот", земени како континуирана обработка на иста, фокусна тема - „25 години независна Република Македонија", претставуваат дводелен фељтон компониран од две засебни - радио статии. Првиот дел (првата радио статија), прави обид за детален осврт кон најважните политички настани што го обележаа историскиот идентитет на современата, независна македонска држава, додека вториот дел се фокусира исклучиво врз развојот на неговите клучни економски аспекти. Од поширока, документарна точка на гледиште, фељтонот нуди полиглосија од десетици актуелни и некогашни политичари, парламентарци и носители на функции на власта, но крупен технички недостаток му е тоа што помалку информиран слушател не би можел да го препознае индивидуалниот идентитет на сите лица што презентираат свој поглед за тоа комплексно историско сведоштво, просто затоа што нивниот идентитет не е обележан. Двата дела од фељтонот се репризирани на 7 и на 8 септември во програмски периоди од 16 и од 20 часот.

На 9 септември (со репризи во програмски периоди од 16 и од 20 часот), „Темата на денот" трае 7 минути и 35 секунди, а реализирана е како екстензивен извештај за средбите што во Република Германија ги остварила делегација на ВМРО ДПМНЕ со Христијанско-демократската унија и Христијанско-социјалната унија, илустриран со изјави на Никола Груевски, а потоа е презентиран новинарски осврт кон потенцијалите на политичката изборна понуда на СДСМ, проследен со јасно извлечени поенти - изјави на Зоран Заев. Критичката димензија на новинарскиот осврт е составена од кус преглед на ставови од (потенцијалните) коалициски партнери на опозициската СДСМ.

***Сектор за програмски работи***